АФПЗРР
www.ipardpa.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

# Во тек е потпишување на договори за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој



Во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во тек е склучување на договори за кофинансирање на инвестиции во земјоделска механизација со земјоделците кои ги исполнија критериумите од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за инвестиции во модернизација на земјоделски стопанства- трактори и приклучна механизација како и инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи.



На јавниот повик за доставување на барања за користење на финансиски средства од оваа програма кој беше објавен на 13.12.2013 и траеше до 15.01.2014 година беа доставени 800 барања за финансиска поддршка за инвестиции во модернизација на земјоделски стопанства кои обработуваат житни или индустриски култури.

Ќе бидат склучени договори со 612 корисници за трактори и останата механизација, и десетина договори за инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи.

Вкупната вредност на финансиска поддршка на договорите кои се склучуваат е во висина од околу 150 милиони денари.